Време: 14.01.2011 г.

Рецензија



КОН ПРОЕКТОТ „ВРАТИ“ ОД ПАНГО

# Пријатно танцово доживување

Ѓурѓица Јовановска
балетски критичар

Модерниот танцов проект „Врати“, изведен деновиве на малата сцена на МОБ, беше убаво обликувано и изведено танцово дело, создадено од уметничка екипа која своите уметнички вредности ги презентира на завидно творечко ниво.

Кореографот Олга Панго веќе ја познаваме со изведбата на танцовите творби „Јас, Исидора“, „Животот е кабаре“ и други, која во проектот „Врати“ само уште еднаш ја потврди својата уметничка доблест. Нејзиното постоење на сцената е потврда дека уметникот ќе се развива и живее доколку поседува имагинација и талент што ги вклопува во секое ново создавање. Олга Панго ја следи едукативната моќ во творењето, особено во модерниот танц. Таа се стреми кон сè повисока естетика на движењето, што придонесува за вештите и соодветни стилско-кореографски реченици и пасуси на одредена тема, умешно вкомпонирани во отсликување на ликовите во делото. Инспиративната Панго во проектот „Врати“ мошне заложно ги оформи ликовите, кои во уверлива интеракција и интерпретација ја изведоа модерната кореографија со стилски обележја како личен избор на кореографот.

Наташа Поплавска – режија и либрето – беше значаен соработник кој даде голем придонес кон изведбата на делото. Благодарение на нејзиното познавање на танцот и на музиката, направи комуникација меѓу ликовите со наполно јасни режисерски решенија.

Музичката придружба на делото ја осмисли композиторот и професор Џенгиз Ибрахим, кој пред сè создава музика за театарски претстави. Неговата умешност се потврдува и во проектот „Врати“ како ретко инспиративна компонента во делото.

Придружен придонес во делото постигнаа и Емил Петров – сценографија и видеодизајн и Марија Папучевска – костими.

Сите протагонисти беа на висина на задачата. Тие настојуваа во изразување на дадениот лик што го изведоа во интеракциска осмисленост и разиграност.

Потстанарката, млада девојка-уметничка, тргнувајќи во потрага по нови доживувања, се обидува да отвори нови врати во животот, ѝ припадна на Наташа Николова. Нејзината изведба беше успешно изразување на емотивната состојба на една душа во потрага кон нови мигови и недоживеани случувања. Совладувајќи ја модерната кореографија, таа постигна сензуален и елегантен манир, особено во изразување на стилските решенија на кореографскиот текст.

Сопругот беше Драган Кочовски, во чијшто настап доминираа актерската зрелост и техничката совладаност во дуетниот танц.

Сопругата, лик на млада жена опседната со материјални вредности, мошне кокетно и харизматично, со убаво танцово чувство го изведе Маја Митровска.

Билјана Пашарикова го толкуваше ликот на таинствената сопственичка на зграда, лик кој го осмисли и изведе со голема зрелост и уверливост. Пејачката на Лиле Миленковска беше одлично комично остварување, додека на висина на задачата беа и Марина Ѓеоргиевска и Агим Бафтиии како студенти и Стефан Кочовски – минувачот.

Сè на сè, танцовиот проект „Врати“ беше убаво остварување што се доживува пријатно.